

**Кратка биографија**

Проф. д-р Слаѓана Тасева Петровска е родена во Куманово, а своето основно и средно образование го завршила во Кочани, Република Македонија. Во 1983 година дипломира на Факултетот за за безбедност и општествена самозаштита на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Магистерските студии со успех ги звршува на Правниот факултет на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 1995 година, на групата Кривично право и криминологија, каде истата година ја брани магистерската теза на тема "Темна бројка на криминалитетот". Докторската дисертација по кривично право, на тема "Перење на пари"; ја одбранила во 2002 година, на Правниот факултет „Јустинијан Први", на Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во 2004 година е избрана во завње Доцент по Кривично право, на Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола, Полициска академија Скопје, а во истото звање по предметот Криминологија е избрана во 2008 година на Првиот привтен универзитет - Европски универзитет, Република Македонија. На Европскиот универзитет во 2009 година е избрана во научно звање вонреден професор по предметите Кривично право и Криминологија.

**Работно искуство**

Професионалното работното искуство, Проф. д-р Тасева, го започнува во 1981 година како аналитичар во Министерството за внатрешни работи – СВР Кочани, за во 1992 година да стане началник на Одделението за аналитика и документација во Управата за внатрешни работи во Кочани, на која функција ќе биде се до 2000 година, кога станува главен аналитичар за организиран криминал во Секторот за аналитика, истражување и документирање во Министерството за внатрешни работи.

Од 2000 година работи како програмски координатор во ФОРУМ - Центар за стратегиски истражувања и документација, а една година подоцна станува извршен директор на Транспарентност – Македонија. Во 2002 година е номинирана за прв претседател на Државната комисија за спречување на корупцијата на Република Македонија, каде што како член работи се до 2007 година. Покрај извршувањето на овие работи и работни задачи, во 2004 година, именувана е за Директор на Полициската академија, а две години подоцна станува потпретседател на Асоцијацијата на европски полициски колеџи (АЕРС).

Во 2007 година, ги раководи Интеруниверзитетските студии по безбедност и финансиска контрола на Универзитетот Св. Климент Охридски Битола, Полициска академија Скопје и Факултетот за угостителство и туризам во Охрид.

Од 2008 година е Декан на Факултетот за детективи и криминалистика, каде што предава две научни дисциплини - кривично право и криминололгија, како и финансиско право на Правниот факултет на Првиот приватен универзитет Европски универзитет.

Покрај основните професионални обврски во изминатиот период има извршувано многу активности во земјата и во странство и тоа:

- Официјален претставник на Р Македонија во ГРЕКО - Група држави во борба против корупцијата, Комитет на Советот на Европа во Стразбург;

- Консултант на Проектот на ECLO за Поддрршка на антикорупциските институции во Косово, во соработка со Crown Agent Лондон и Rambol Данска (2009)

- Проект менаџер на Проектот Western Balkans Sub-Regional Mechanism For Facilitation of Anti-Corruption Initiatives, Sub-regional Strategy for Anti-Corruption Programming (Консултантска работа во текот на 2008 година)

- Национален Експерт - Консултант (**Senior Anti-Corruption Expert) за** “World Learning” USAID, во изготвување на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата заснована на Индикатори на остварување, јануари - јуни 2007 година;

- Раководител на проектот за изготвување на Анексот на државната програма - 2005 година и на Проектот за градење методологија за утврдување на индикатори на ефикасност на системот за борба против корупцијата - 2006 година;

- Експертска соработка за изготвување на текст за Законот за финансирање на политичките партии (2003- 2004) -пратеници од Собранието на Р Македонија и Совет на Европа;

- Главен координатор на проектот ”Мониторинг над кривичните постапки за случаи од областа на корупцијата во Република Македонија”, финансиран од Владата на велика Британија за период од една година (октомври 2003 - септември 2004);

- Главен координатор на проектот ”Зајакнување на одговорноста за земјите од Западен Балкан”, тригодишен (2003 - 2005) регионален проект фонансиран од Владата на Финска, во рамки на кој треба да се подготват законите за слободен пристап до информации и за судир на интереси;
- Главен координатор за изготвување на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата, во Државната комисија за спречување на корупцијата на Р Македонија, март - јуни 2003 година;

- Студијата Систем за национален интегритет за Република Македонија, 2002 година, издадена од британската амбасада и Транспарентност Македонија во јануари 2003 година;

- Учество и воведен излагач на Третиот подготвителен семинар за Деветтиот економски форум на ОБСЕ, Букурешт, март 2001;

- Координатор на проектот “ Култура на законот наспроти корупцијата”, 2001- 2002 година;
- Консултант на Светска банка за проектот -Стратегија за намалување на сиромаштијата 2001;
- Главен и одговорен уредник на Билтенот за проектот Стратегија за намалување на сиромаштијата 2001;

- Јуни 2001 година, Основач и Извршен директор на Транспарентност Македонија
- Консултант на Министерството за финансии за подготовка на Законот за спречување на перење пари - 2001 година;

- Работа во експертската група за подготовка на Законот за спречување на корупцијата 1998 год;
- Работа во експертската група за подготовка на Законот за спречување на перење пари 1998 год;
- Работа во експертската група за подготовка на измените на Законот за кривична постапка1999 год.
- Учество во подготвителни активности за воспоставување на Центарот за превентивни активности во Скопје, кој проект се релизира во соработка помеѓу МНР, МВР, МО и Правниот факултет во Скопје 1999 годин;

- Член на Управниот одбор за Центарот за превентивни активности во Скопје
- Учество во подготовката на Предлогот и Елаборатот за формирање на Центар за едукација на полициски кадри и Криминалистички институт во рамки на универзитетот "Св Кирил и Методиј"
- Учество во подготовката на поголем број подзаконски акти;
- Изготвување на Програма за развој на Министерството за внатрешни работи на Р Македонија;

Покрај овие активности во рамки на образониот процес била предавач по покана на повеќе реномирани високообразовни институци во земјата и странство и тоа на: Постдипомскиот курс по Кривично право и Криминологија на Правниот Факултет на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје; потоа на Постдипломските студии за превенција на конфликти на Филозофскиот факултет во Скопје, како и на Институтот за кривично право и криминологија во Белград, Предавања за добро управување и борба против корупцијата на вработени во државната администрација.
Заради стекнување на знаења за сопствена надградба во текот на работниот век учествувала на многу семинари, конференции, образовни програми одржани во нашата земјата, како и во странство и тоа:

- Учество во International Visitors Program во организација на State Department, САД, јуни-јули 2006
- Семинари на AEPC во врска со Полициската едукација: Париз декември 2004, Стокхолм 2005, Букурешт 2006 година

- Бројни семинари поврзани со борбата против корупцијата, перењето пари и организираниот криминал

- Учество на вториот подготвителен семинар на ОБСЕ за деветтиот економски форум - "Доброто управување во јавниот и приватниот сектор против заднината на глобализацијата" Јануари 2001, Брисел

- UNDCP & Renesance Institut Палермо, Декември 2000 - Симпозиум - Улогата на цивилното општество во борбата против транснационалниот организиран криминал;

- UNICRI & USA State Department - Тренинг курс за борба против корупцијата - ИЛЕА Будимпешта - јуни 1998;

- British Embassy in Skopje & Foreign office & Commonwealth in the United Kingdom, Студиска посета на Лондон - проучување на мерките против перење пари, април - мај 1998;
- UNDP & UNPREDEP - Тренинг курс за борба против организираниот криминалитет, корупцијата и перење пари, Скопје 1997

Своето богато знаење стекнато преку обука доусручувања и сопствена надградба во образовниот процес и овозможува богатото искуство да го пренесе преку работа на меѓународни проекти:

- Поканет предавач на Летната школа за борба против корупцијата, Министерство за внатрешни работи на Австрија Јуни 2008, Јуни 2009

- Менаџер на проектот Стратегија за борба против корупцијата на државите од Западен Балкан, УНДП Скопје, 2007,2008 година

- Поканет воведен излагач на конференцијата на Шефови на полиции на државите на ОБСЕ, посветена на Борбата против организираниот криминал, ноември 2006 година, Брисел
- Експерт - евалуатор на мерките против перење на пари во Полска, Совет на Европа 2006 година
- Септември 2005 година, 795. Вилтон Парк конференција на тема: "Источните соседи на Европа и иднината на проширувањето."

• Членство во комитетот на Советот на Европа за мерки против перење на пари MONEYVAL, 2003, 2004,

• Совет на Европа, Април 2004 година, учество како експерт - воведен излагач и модератор на Семинарот за подготвување на Програмата за борба против корупција на Азербејџан 21 и 22 април 2004;

• Во ноември 2003 година во Советот на Европа во Стразбург учество во конференција Octopus Interface 2003, фокус на специјализираните антикорупциски служби, во рамки на програмата за борба против организираниот криминал и корупцијата OCTOPUS.
• Во Март 2003 година учесто на конференција во Вилтон Парк, Велика Британија "Улогата на Владата и на парламентот во борбата против корупцијата во југоисточна европа, март 2003
• Поканет воведен излагач на конференција во Лондон во Март 2002 на внатрешна конференција за Министерството за надворешни работи тема: " Меѓународната заедница и организираниот криминал во Југоисточна Европа: Перспективите на Југоисточна Европа,
• Во Јули 2002 година учество на конференција во Вилтон Парк, велика Британија" Агендата на министерството за правда и надворешни работи за југоисточна европа, јули 2002
• Учество на Деветтиот економски форум " Транспатрентност и добро управување во економските работи: Прага", Мај 2001 година;

• OSCE - EC - Втор подготвителен семинар за деветтиот Економскиот Форум во Прага "Good governance in the public and private sectors against background of globalization"30 – 31 January, 2001 - CCAB, Brussels;

• Излагач на Третиот подготвителен семинар за за Економскиот форум на ОБСЕ во Прага, мај 2001 година. - "Transparency and Good Governance in Economic Matters: Institutions, Governance And Economic Performance"- 27 и 28 март 2001 Букурешт

• Деветти Економски Форум на ОБСЕ: "Транспарентноста и доброто владеење во економските работи", Прага, 15-18 мај 2001

• Експерт на Советот на Европа за Проектот ПАКО - конфискација на криминални приноси, 2001
• Член на заедничкиот Комитет за проценка на мерките против перење пари на Советот на Европа (PC-R-EV) - 1998, 1999, 2000; 2001, 2002

• Експерт на Советот на Европа за проценка на мерките за перење пари 2000,2001, 2002
• Учество во проценка на мерките против перење пари во Латвија, март 2000;
• Координатор на проектот на UNDCP за воспоставување на специјализиеана единица за борба против финансиски криминал;

• Член на експертска група на СЕКИ за проектот: Центар за борба против прекугранична криминалитет во Букурешт -1998,1999,2000;

• Член на Заедничкиот комитет за соработка за СЕКИ Центарот во Букурешт 1999/00;
• Организација на меѓународен состанок на земјите членки на СЕКИ во рамки на Проектот за Центарот за борба против прекуграничен криминалитет, во Скопје, ноември 1999 година;
• Координатор на проектите за Пактот за стабилност во МВР, 1999 година;
• Учество на Конференцијата на Министри за внатрешни работи во Трст - Италија и потпишување на Декларација на CEI за борба против организиран криминалитет, 1997; Експертско учество во подготовка и имплементација ТЕМПУС IB проект насловен: "Напреден тренинг курс за борба против организираниот криминалитет", која е подготвена во соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи, Факултетот за безбедност и Министерството за наука на Р Македонија. (2002 год)

**Трудови и публикации**

Проф. Д-р Тасева има објавено повеќе трудови во стручни списанија, како и повеќе книги и учебни помагала:

- Прирачник за Кривично право , Прв приватен универзитет, Европски Универзитет, Република Македонија, Скопје, 2008 година
- Криминологија – авторизирани предавања, Прв приватен универзитет, Европски Универзитет, Република Македонија, Скопје, 2009 година;
- Темна бројка на криминалитетот, Европа 92 Кочани, 1995 година;
- Перење пари, (на Англиски јазик) Академски печат Скопје, 2007 година

- Перење пари, (на Македонски јазик) ДатаПонс Скопле, 2003 година

**Награди и признанија**

Од Магазинот ФОРУМ, заради забележани антикорупциски активности во 2003 година, е избрана за Човек на годината 2003,
Жена на годината за 2004 година- Жена со печат, Магазин Жена нова, заради постигнати резултати во полето на професионалната работа и борбата против корупцијата.